

**Божидар Видоески**

Божидар Видоески (8. XI 1920 – 16. V 1998) е македонист, славист, основоположник на македонската модерна дијалектологија и ономастика, дописен член на МАНУ од 1969 и редовен од 1974 година. Исто така, тој е странски член на ХАЗУ (тогашна ЈАЗУ) од 1986 г., на Полската академија на науките и уметностите (ПАНУ)  од 1994 г., на САНУ од 1997 г. и др. Се смета за татко на македонската дијалектологија. За својата научна работа и за заслугите околу организацијата на науката во Р. Македонија добитник е на високи награди и признанија.

Божидар (Божо) Видоески е роден ма 8 ноември 1920 година во село Звечан, Порече/Бродско. Пред Втората светска војна гимназија учел во Прилеп, Крагуевац и Скопје, а матурирал во Чачак во 1941 година. По завршувањето на војната студирал на Филозовскиот факултет во Скопје на групата Македонски јазик.

По дипломирањето во 1949 година, Видоевски останал да работи како асистент на Филозофскиот факултет во Скопје. Докторската дисертација тој ја одбранил на истиот факултет во 1957 година, а наредната 1958 година бил избран за доцент. Во 1964 година бил избран за вонреден професор по македонска дијалекгологија.

Во 1959 година Божидар Видоески бил на специјализација во НР Полска. Во текот на својот престој на Варшавскиот универзитет, тој организирал неколкумесечен курс за македонски јазик. Не цела деценија  подоцна, во 1967/68 година Видоески престојувал и во Келн, СР Германија, каде како професор-гостин предавал македонски јазик.

Видоески има големи заслуги за организација на македонската наука за јазикот и нејзината афирмација во светски рамки. Учествувал со реферати на новеќе меѓународни и национални конгреси и држел предавања во повеќе славистички центри во земјата и во странство. Во меѓународните славистички кругови станал познат како успешен директор на Меѓународниот семинар за македонскиот јазик, литература и култура (1970&1978).

Објавил голем број трудови од областа на македонскиот современ јазик, на македонската топономастика, а особено од областа на македонската дијалектологија. Во Институтот за македонски јазик ,,Крсте Петков Мисирков" раководи со работата на Македонскиот дијалектолошки атлас. Како член на Меѓуакадемискиот одбор за дијалектолошки атласи, учсствувал во работата на комисиите по фонетика, лексика и семантика на ОЛА.

Видоески предложил детална разгранета класификација на македонските дијалекти, заснована врз генетски и типолошки критериуми и ја претстави на низа карти, утврдувајќи го прецизно текот на околу 200 изоглоси клучни за таа класификација. Монографски ги обработил сите основни дијалектни комплекси што ја дефинираат македонската јазична територија, опишувајќи ги нивните фонолошки и морфолошки системи.

Во текот на својата кариера Видоески бил продекан на Филозофскиот факултет во Скопје, потпретседател на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, член на Советог на Филозофскиот факултет и на Институтот за фолклор. Член е на Научниот совет на Институтот за македонски јазик ,,Крсте Петков Мисирков" и на повеќе научни и општествени организации од градско, републичко и сојузно значење.

За дописен член на Македонската академија на науките и уметностнте Видоески е избран на 25 декември 1969 година, а за редовен член на 26 декември 1974 година. Исто така, тој е странски член на ХАЗУ (тогашна ЈАЗУ) од 1986 г., на Полската академија на науките и уметностите (ПАНУ) од 1994 г., на САНУ од 1997 г. и др.

За својата научна работа и за заслугите околу организацијата на науката во Република Македонија, Божо Видовски добитник е на високи награди и признанија. Тој е одликуван

со Орден на трудот со златен венец и добитник е на Октомвриската награда за 1964 година.

Божидар (Божо) Видоески починал на 16 мај 1998 година во Сремска Каменица, Србија.